# ЗЕЛС

ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL

GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË

10 2010



## КАНЦЕЛАРИЈА НА ОПШТИНИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА **ВО СРЦЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

## ZYRA E KOMUNAVE NGA MAQEDONIA **NË ZEMRËN E BASHKIMIT EVROPIAN**








## НОВИ 15 ОПШТИНИ ЌЕ ДОБИЈАТ ПОДДРШКА ОД ЗЕЛС ВО ИЗРАБОТКАТА НА СВОИТЕ ИКТ СТРАТЕГИИ

## 15 KOMUNA TË REJA DO TË MARRIN PËRKRAHJE NGA BNJVL NË HARTIMIN E TIK STRATEGJIVE TË TYRE

Почитувани,

Со големо задоволство и гордост сакам да истакнам дека овој месец, поточно на 28 октомври 2010 година, ЗЕЛС и Градот Скопје, отворивме заедничка канцеларија во Брисел. Ова е навистина голем настан за сите локални власти во Република Македонија, бидејќи успеавме да обезбедиме простор во срцето на Европската унија. Со тоа реализиравме и уште една значајна активност утврдена во Стратегискиот план на ЗЕЛС за периодот 2006-2011 година. Докажавме дека општините се доследни во спроведувањето на самозададените цели, но и подготвени за имплементација на европската легислатива, стандарди и вредности на локално ниво. Сите 84 општини и Градот Скопје имаат заедничка канцеларија во Брисел од каде максимално ќе се залагаат за што поголемо лобирање за насочување на европските фондови за локалните власти во нашата земја, за црпење на искуствата од колегите и институциите на европските градови и региони. На свеченото отворање на канцеларијата присуствуваше раководството на ЗЕЛС, петнаесетина градоначалници, а на поканата се одзва и Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, Вицепремиерот за европски прашања, Васко Наумовски, Министерот за надворешни работи, Антонио Милошоски, претставникот на нашата мисија во ЕУ и Амбасадорот на Република Македонија во Кралството Белгија, како и голем број на претставници на институции и организации на локални и регионални власти и на асоцијации присутни во овој европски град и повеќе домашни и странски медиуми.



Во месец октомври, ЗЕЛС исто така реализираше и други активности. Стручната служба од ЗЕЛС тренинг центарот ( ЗТЦ) продолжи со посетите на општините и од разговорите со градоначалниците, општинската администрација, советниците, добиваме непосредно голем број податоци за состојбите и проблемите со кои локалните власти се соочуваат при спроведување на локалните надлежности. Истовремено ги утврдуваме и потребите и очекувањата на општинската администрација за нивно надоградување со цел пружање на адекватни услуги за своите граѓани, кое ќе се реализира преку Зелс тренинг центарот. Овој месец во ЗЕЛС беа одржани и седници на повеќе комисии при ЗЕЛС, меѓу кои на комисијата за е-општини, за рурален развој, за комунални дејности, за образование.., а состаноци одржаа и дел од стручните мрежи на општински одговорните лица. Организиравме и тркалезна маса на тема „ Актуелни состојби во функционирањето на системот на комуналните дејности на локално ниво-отворени прашања и проблеми". Сите овие информации ни помогнаа во ревидирањето на систематизираните ставови на ЗЕЛС, со кои Управниот одбор на ЗЕЛС ќе излезе на средбата закажана со Владата на РМ , со Премиерот и Министерот и ќе ги образложи сите барања и потреби на локалните власти утврдени по области, кои всушност претставуваа надлежности на општините.

За овие активности, како и за оние за кои не ги споменав, а кои се исто така од голема важност за локалните власти ќе можете да прочитате во овој број на Вашето и наше Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ,
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Me kënaqësi dhe krenari të madhe dëshirojë të theksojë se këtë muaj, më saktësisht më 28 tetor 2010, BNJVL dhe Qyteti i Shkupit, hapëm zyrë të përbashkët në Bruksel. Kjo me të vërtetë është ngjarje e madhe për të gjitha pushtetet lokale në Republikën e Maqedonisë, sepse arritëm të sigurojmë hapësirë në zemër të Bashkimit Europian. Me këtë realizuam edhe një aktivitet të rëndësishëm të caktuar me planin strategjik të BNJVL-së për periudhën 2006-2011. Treguam se komunat janë konsekuente në implementimin e qëllimeve të dhëna, por edhe të përgatitura për implementimin e legjislacionit europian, standardeve dhe vlerave në nivel lokal. Të gjitha 84 komunat dhe Qyteti i Shkupit kanë zyrë të përbashkët në Bruksel nga ku maksimalisht do të zotohen për lobim sa më të madh për drejtimin e fondeve europiane për pushtetet lokale në vendin tonë, për marrjen e eksperiencave nga kolegët dhe institucionet e qyteteve europiane dhe rajoneve. Në hapjen solemne të zyres morri pjesë udhëheqësia e BNJVL-së, pesëmbëdhjetë kryetarë të komunave, ndërsa ftesës pozitivisht i'u përgjigj edhe Kryeministri i Republikës së Maqedonisë, Nikolla Gruevski, zëvendës kryeministri për çështje europiane, Vasko Naumovski, ministri për punë të jashtme, Antonio Miloshovski, përfaqësuesi i misionit tonë në BE dhe Ambasadori i Republikës së Maqedonisë në Mbretërinë e Belgjikës, si dhe numër i madh i përfaqësuesve dhe institucioneve si dhe organizatave të pushteteve lokale dhe rajonale dhe të asociacioneve të pranishëm në këtë qytet europian si dhe shumë media vendore dhe të huaja.

Në muajin tetor, BNJVL gjithashtu realizoi edhe aktivitete tjera. Shërbimi profesional i BNJVL-së qendrës trajnuese (BQT) vijoi me vizitat e komunave dhe nga bisedat me kryetarët e komunave, administratën komunale, këshilltarët, morrëm të dhëna të shumta për gjendjet dhe problemet me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale gjatë implementimit të kompetencave lokale. Njëkohësisht i përcaktuam edhe nevojat dhe pritjet e administratës komunale për rindërtimin e tyre me qëllim ofrimin e shërbimeve adekuate për qytetarët e vet, që do të realizohen nëpërmjet BNJVL qendrës trajnuese. Këtë vit në BNJVL u mbajtën edhe seanca të shumë komisioneve pranë BNJVL-së, ndër të cilat komisioni për e-komuna, për zhvillim rural, për veprimtari komunale, për arsim..., ndërsa mbledhje mbajtën edhe pjesë nga rrjetet profesionale të personave përgjegjës komunal. Organizuam edhe tryezë të rrumbullakët për ,,Gjendjen aktuale në funksionimin e sistemit të veprimtarive komunale në nivel lokal- çështje të hapura dhe probleme". Të gjitha këto informacione na ndihmuan në revidimin e qëndrimeve të sistematizuara të BNJVL-së, me të cilat Bordi drejtues i BNJVL-së do të dal në takimin e caktuar me Qeverinë e R.M-së, me Kryeministrin dhe ministrin dhe do t'i paraqet të gjitha kërkesat dhe nevojat e pushteteve lokale të caktuara në fusha, të cilat në të vërtetë paraqesin kompetenca për komunat.

Për këto aktivitete, si dhe për ato që nuk i përmenda, e që janë gjithashtu shumë të rëndësishme për pushtetet lokale mund t'i lexoni në këtë numër të Gazetës Suaj dhe Tonë të BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудовски
Дизајн и подготовка за печат - Европа 92
Печати - Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudovski
Pergatitje per shtyp - Evropa 92
Shtyp - Evropa 92

Тркалезна маса во организација на ЗЕЛС

# ПОТРЕБНА РЕВИЗИЈА НА СИСТЕМОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ЕЛС

ЗЕЛС, на 22 октомври 2010 година во просториите на хотелот „Белви", организира тркалезна маса на тема „Актуелни состојби во функционирањето на системот на комуналните дејности на локално ниво-отворени прашања и проблеми". На дебатата присуствуваа градоначалниците, членови на Комисијата за комунални дејности при ЗЕЛС, кои ја иницираа оваа расправа, при што во поголем број се одзваа и поканетите претставници од Здружението на даватели на комунални услуги-АДКОМ, од Здружението на комунални инспектори на Република Македонија, од Министерството за транспорт и врски, од Државниот комунален инспекторат и претставници од општините.

Претседателот на Комисијата за комунални дејности при ЗЕЛС, градоначалникот на Општина Илинден, Жика Стојановски ги истакна ставовите на комисијата при што децидно ја изрази потребата од генерална ревизија на системот на организација и вршење комуналните дејности, кои се во надлежност на локалните власти. Беше посочено дека еден таков процес треба да опфати обезбедување на широка примена на механизмите на јавно-приватно партнерство во комуналната дејност, овозможување на предуслови за регионален пристап и обезбедување на поедноставна постапка на основање на регионални комунални претпријатија и донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за комунални дејности, со активно вклучување и консултации со ЗЕЛС. На дебатата беа презентирани и предлозите и решенијата утврдени од страна на Комисијата за измени во Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и Законот за управување со отпад.

Претставниците од Државниот комунален инспекторат го поздравија ваквиот начин на заемно комуницирање, дефинирање на проблемите и предлагањето на решенија во правец на обезбедување на квалитетни и ефективни услуги за граѓаните. Во однос на предлозите на ЗЕЛС за законски измени, присутните потенцираа дека има потреба од донесување на нов Закон за комунална дејност, а ЗЕЛС се понуди да обезбеди експертска поддршка во неговото креирање, каде особен придонес ќе дадат претставниците од локалната администрација кои во пракса се соочуваат со законските недоречености во комуналната област. Претставниците од локалните власти изнесоа низа практични примери, меѓу кои проблемот со недефинирање на надлежност во постапување при паркирање на возила на зелена површина, потоа неможноста комуналните редари да ги легитимираат прекршителите со цел да им изречат мандатни казни, задолжувањето за спроведување на тендерски постапки и друго. Присутните укажаа дека објектите од комуналната инфраструктура не ги контролира никој, ни во фаза на изградба, ниту потоа, што доведува и до непостоење на документација за нив. Ја истакнаа потребата од поголемо субвенционирање за купувачите или рециклаторите на комунален отпад, за дефинирање на методологии при утврдувањето на цената на комуналните давачки, за воведување на поригорозни казнени одредби, особено во доменот на заштитата на водата за пиење и друго.

Средбата заврши со донесување на заеднички заклучоци и реализирање на почести вакви средби на взаемен разговор и разрешување на проблемите во комуналната сфера, а ќе бидат изнесени и иницијативите и ставовите од АДКОМ. За најновите проекти и иницијативи во областа на комуналните дејности ќе информираат претставници од МТВ. На дебатата ќе се дискутира и за одредени иницијативи за измени во законската регулатива: Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење, Закон за управување со отпад.



Tryezë e rrumbullakët në organizim te BNJVL-së

# REVIZION I DUHUR I SISTEMIT TË ORGANIZIMIT DHE KRYERJES SË VEPRIMTARIVE KOMUNALE NË KOMPETENCË TË NJVL



BNJVL më 22 tetor 2010, në hapësirat e hotel "Bellvi", organizoi një tryezë të rrumbullakët mbi "Gjendjet aktuale në funksionimin e shërbimeve komunale në nivel lokal, çështje të hapura dhe probleme.

Në debatin morrën pjesë kryetarët e komunave, anëtarët e Komisionit për veprimtari komunale pranë BNJVL-së, të cilët e inicuan këtë diskutim, me çka në një numër të madh u paraqitën edhe përfaqësuesit e ftuar nga Shoqata e dhënësve të shërbimeve komunale-ADKOM, nga Shoqata e inspektorëve komunal të Republikës së Maqedonisë, nga Ministria për transport dhe lidhje, nga Inspetorati shtetëror komunal dhe përfaqësues nga komunat.

Kryetari i Komisionit për Shërbime komunale pranë BNJVL-së, kryetari i komunës së Ilindenit, Zhika Stojanovski i paraqiti pikëpamjet e komisionit me çka qartë u shpreh për nevojën e një rishikimi të përgjithshëm të sistemit të organizimit dhe të kryerjes së punëve publike, të cilat janë përgjegjësi të autoriteteve lokale.

U vu në dukje se një proces i tillë duhet të përfshijë sigurimin e një aplikimi të gjerë të mekanizmave të partneritetit publik-privat në veprimtaritë komunale, sigurimin e parakushtet për një qasje rajonale dhe sigurimin e një procedure të thjeshtë të themelimit të shërbimeve rajonale komunale dhe miratimin e akteve nënligjore që dalin nga Ligji për veprimtari komunale, me përfshirjen aktive dhe konsultim të BNJVL-së.

Ne debatin u paraqitën propozimet dhe zgjidhjet të vendosura nga Komisioni, për ndryshimet në Ligjin për Veprimtaritë Komunale, Ligji për furnizim me ujë për pije dhe të Ligjit për Menaxhimin me Mbeturinat.

Përfaqësues nga Inspektorati Komunal Shtetëror e përshëndetën këtë mënyrë të komunikimit të ndërsjellë, përcaktimin e problemeve dhe propozimin e zgjidhjeve në sigurimit të shërbimeve cilësore dhe efektive për qytetarët.

Në lidhje me propozimet e BNJVL-së për ndryshime legjislative të pranishëm theksuan nevojën për miratimin e një Ligjit të ri për punë komunale, dhe BNJVL u ofrua për të siguruar mbështetje ekspertësh në krijimin e tij, ku një kontribut të veçantë do të japin përfaqësues të administratës lokale të cilat në praktikë përballen me paqartësitë ligjore në fushën komunale.

Përfaqësues nga autoritetet lokale paraqitën një sërë shembuj praktik, duke përfshirë problemin e definimit të kompetencave në trajtimin e parkimit të automjeteve në sipërfaqe të gjelbërt, pastaj paaftësinë e rojtarëve komunal për të identifikuar shkelësit në mënyrë që tu vendosen gjoba, angazhimin për zbatimin e procedurave të tenderit etj.

Pjesëmarrësit treguar se objektet e infrastrukturës komunale nuk i kontrollon askush, qoftë në fazën e ndërtimit ose pas, e cila çon në mosegzistimin e dokumentacionit për ta. Theksuan nevojën për subvencione më të mëdha për blerësit ose ricikluatorët e mbeturinave komunale, për definimin e metodologjive për përcaktimin e kostos së të dhënave komunale, futjën e dispozitave më rigoroze dënuesë, veçanërisht në fushën e mbrojtjes së ujit të pijshëm dhe të tjera.

Takimi përfundoi me miratimin e konkluzioneve të përbashkëta dhe realizimin e takimeve të tilla më të shpeshta të diskutimit të përbashkët dhe zgjidhjen e problemeve në sferën komunale dhe do paraqiten edhe iniciativat dhe qëndrimet e ADKOM.

Për projektet më të fundit dhe nismat në fushën e punëve publike do të informojnë përfaqësues nga MTL. Në debat do të diskiutohet edhe për iniciativa specifike për ndryshime në legjislacion: Ligji për veprimtari komunale, Ligji për të furnizimit me ujë për të pirë, Ligji për menaxhimin e mbeturinave.



Комисија за рурален развој

# ПРЕДЛОЖЕНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС, на 20 октомври 2010 година во просториите на ЗЕЛС ја одржа својата четврта седница на која го разгледуваше предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште, кој е еден од поважните закони преку кој може да се обезбеди развој на локалните власти, особено на руралните општини. Членовите на комисијата дискутираа за утврдените систематизирани ставови на ЗЕЛС кои се однесуваат на земјоделското земјиште, при што ги потенцираа следниве ставови:

1 Општините да управуваат со земјоделското земјиште кое е расцепкано до 2 хектари;

2. Средствата добиени од закупнините на земјоделското земјиште и пасиштата, како и средствата добиени како надомест од концесија за експлоатација на минерални суровини на земјоделско земјиште да се распределат во соодност 20% / 80% помеѓу државата и ЕЛС, во корист на општините;

3. Општините да имаат право на редовен увид во податоците на издаденото државно земјоделско земјиште под закуп по општини, како и увид на издадените концесии.

Ставовите заедно со забелешките на општините во однос на предлог-законот ЗЕЛС ги достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како основа за креирање на квалитетен Закон за земјоделско земјиште, кој во целина ќе придонесе за разрешување на низа отворени прашања во оваа област.

На седницата беа разгледани и можностите ЗЕЛС и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) да пронајдат прифатливи решенија со кои ќе им се овозможи на 18 (осумнаесет) општини разрешување на настанатите тешкотии во реализацијата на склучените Договори за финансиска поддршка, потпишани за програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година. Беше заклучено дека ова ќе претставува значаен придонес за руралните општини и истовремено ќе овозможи целосна реализација на програмата.




Komisioni për zhvillim rural

# NDRYSHIME DHE PLOTËSIME TË PROPOZUARA TË LIGJIT PËR TOKËN BUJQËSORE

Komisioni për zhvillim rural pranë BNJVL-së, më 20 tetor, 2010, në hapësirat e BNJVL-së mbajti seancën e katërt në të cilën shqyrtoi Propozim-Ligjin për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për tokë bujqësore, i cili paraqet një ndër ligjet më të rëndësishme përmes së cilit mund të sigurohet zhvillimi i pushteteve lokale, veçanërisht komunave rurale. Anëtarët e Komisionit diskutuan për qëndrimet e sistematizuara të përcaktuara të BNJVL-së të cilat kanë të bëjnë me tokën bujqësore, me ç'rast i potencuan këto:

1. Komunat të menaxhojnë me tokën bujqësore e cila është e ndarë deri më 2 hektarë;

2. Mjetet e fituara nga qiraja e tokës bujqësore dhe kullosave, si dhe mjetet e fituara si kompensim nga koncesioni për eksploatim të përbërësve mineral të tokës bujqësore të shpërndahen në raport 20% - 80% midis shtetit dhe NJVL, në dobi të komunave;

3. Komunat të kenë të drejtë të këqyrjes së rregullt në të dhënat e tokës shtetërore bujqësore të dhënë me qira sipas komunave, si dhe këqyrje në koncesionet e dhëna.

Qëndrimet së bashku me vërejtjet e komunave lidhur me Propozim-Ligjin, BNJVL t'i patashtrojë deri te Ministria për bujqësi, pylltari dhe ujë si bazë e krijimit të Ligjit kualitativ për tokën bujqësore, i cili në tërësi do të kontribuojë për zgjidhjen e një varg çështjesh të hapura në këtë lëmi.

Në seancë u shqyrtuan edhe mundësitë që BNJVL dhe Agjencioni për përkrahje financiare të bujqësisë dhe zhvillimit rural (APFBZHR) të gjejnë zgjidhje të pranueshme me të cilat do të mundësohet 18 komunave për zgjidhjen e vështirësive të krijuara gjatë realizimit të Marrëveshjeve të lidhura për përkrahje financiare, të firmosura për Programin për përkrahje financiare të zhvillimit rural për vitin 2009. U konkludua se kjo do të paraqesë kontribut të rëndësishëm për komunat rurale dhe njëkohësisht do të mundësojë realizim të përgjithshëm të Programit.

# ЗЕЛС ПОДГОТВУВА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА НА ИКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ КОН ГРАЃАНИТЕ

Во просториите на ЗЕЛС на 15 октомври 2010 г. Комисијата за е-општини одржа седница на која се дискутираше за следењето на активностите на проектот за изработка на ИКТ стратегија на ЗЕЛС, за проектот на ЗЕЛС за стандардизација при изработка на софтверски решенија и бази на податоци, а беше презентиран и проектот за заедничко нудење на услуги преку веб сервер на ЗЕЛС. Присутните беа запознаени и со извештајот за активностите на ЗЕЛС во областа на ИКТ за 2010 година.

Членовите на комисијата посочија поголем број на предлози и забелешки за тековните проекти, а дадоа и насоки за идното стратегиско делување на ЗЕЛС во областа на ИКТ, при што беа донесени и повеќе ставови. Беше договорено ангажираните експерти и администрацијата на ЗЕЛС да предвидат точка во стратегијата на ЗЕЛС која ќе го иницира мапирањето на процеси по модел на општини, а во рамките на проектот за помош на општините при изработка на ИКТ стратегии, ќе ги советува општините во своите стратегии да предвидат проект со кој би ги мапирале поголемиот дел од процесите. Овој проект ќе зависи од финансиските можности на ЗЕЛС и ЕЛС. За намалување на трошоците се препорачува обработување на процесите и патот на документите по модел на општина. Исто така, беше посочено да се испита можноста за унификација на постојните софтверските решенија.

Нагласена беше и потребата од задолжително впишување на стандарди, што ЗЕЛС ќе го препорача до ЕЛС, што ќе овозможи во иднина едноставност и отвореност на базите за да можат да се користат и од други софтверски апликации. ЗЕЛС предложи да направи анализа за заинтересираност кај општините за ГПС – софтвер кој би бил наменет за следење на комуналните возила, училишните автобуси, пожарните возила, возила за отстранување на снег и одрони и сл. Воедно ЗЕЛС предложи да направи анализа и на заинтересираноста кај општините за лиценцирање на софтвер, да иницира состаноци со Микрософт и други софтверски куќи со цел обезбедување на лиценци и дозволи за користење по поповолни услови.





# BNJVL PËRGATIT STRATEGJI ZHVILLIMORE TË TIK PËR PËRMIRËSIMIN E SHËRBIMEVE KOMUNALE NDAJ QYTETARËVE

Në hapësirat e BNJVL-së më 15 tetor 2010 Komisioni për E-Komunat mbajti seancë në të cilën u diskutua për ndjekjen e aktiviteteve të projektit për krijimin e TIK strategjisë së BNJVL-së,për projektin e BNJVL-së për Standardizim gjatë ndërtimit të zgjidhjeve softvere dhe bazave të të dhënave, dhe u paraqit projekti për ofrimin e përbashkët të shërbimeve përmes një veb serveri të BNJVL-së.

Pjesëmarrësit u njohën edhe me raportin mbi aktivitetet e BNJVL-së në fushën e TIK për 2010. Anëtarët e Komisionit sugjeruan një numër të sugjerimeve dhe vërejtjeve mbi projektet aktuale, dhe dhanë udhëzime të veprimit strategjik për BNJVL-në në fushën e TIK, me çka u sollën edhe disa qëndrime.

Ishte rënë dakord që ekspertët e angazhuar dhe administrate e BNJVL-së të sigurojë pikë strategjinë e BNJVL-së që do të filloj hartimin e procesit me model te komunave, dhe në kuadër të projektit për të ndihmuar komunat në zhvillimin e strategjive të TIK-ve, do të këshillojë komunat në strategjitë e tyrë që të parashikojne projekt me të cilin do te bënin hartimin e pjesës më të madhe të proceseve. Ky projekt do të varet nga mundësitë financiare të BNJVL-së dhe të NJVL. Për të zvogëluar shpenzimet rekomandohet përpunimi I proceseve dhe rruga e dokumenteve sipas modelit të komunës. Gjithashtu, u referua hulumtimi I mundësisë për unifikim të zgjidhjeve softuere ekzistuese.

U theksua edhe nevoja për regjistrimin e detyrueshëm të standardeve, të cilat BNJVL do ti rekomandojë deri të NJVL, e cila do të mundësojë në të ardhmen "thjeshtësi dhe qasje të hapur të bazave që të mund të përdoren edhe nga aplikacionet e tjera softuere.

BNJVL-së propozoi që të bëjë analizë për interesimin tek komunat për GPS - softuer që do të jetë i destinuar për ndjekje të automjeteve komunale, autobusët e shkollës, automjete zjarfikëse, automjetet për të hequr dëborë dhe rrëshqitjet e tokës, etj.

Gjithashtu BNJVL propozoi që të bëjë analizë edhe për interesimin e komunave për licencim softueri, të inicojë takime me Microsoft dhe kompanitë tjera softuerike për të siguruar licenca dhe leje për përdorim me kushte më të favorshme.

## Нови 15 општини ќе добијат поддршка од ЗЕЛС во изработката на своите ИКТ стратегии



Шеснаесет општини ги исполнија условите за добивање на поддршка од ЗЕЛС во изработката на нивните локални ИКТ стратегии. Во согласност со Акциониот план на ЗЕЛС 2011 - 2015, ЗЕЛС започна со реализација на нов проект иницирaн да им овозможи на општините исполнување на препораката утврдена во Националната стратегија за развој на електронски комуникации со информатичка технологија (НСЕКИТ) усвоена во 2008 година, за изработување на сопствени локални ИКТ стратегии .

Маврово-Ростуше, Кратово, Прилеп, Долнени, Велес, Аеродром, Карпош, Центар, Илинден, Јегуновце, Гостивар, Струмица, Чаир, Ѓорче Петров, Гевгелија и Старо Нагоричани се избраните 15 општини од вкупно 40 пријавени општини. Еден од критериумите за учество во извлекувањето, кое се спроведе на 12 октомври 2010 година во просториите на ЗЕЛС, беше општината да има подмирена членарина кон ЗЕЛС, заклучно со 2009 година. Имајќи го предвид фактот дека на овој начин овие општини ја потврдија својата поддршка кон ЗЕЛС, ЗЕЛС одлучи сите 16 општини да ги вклучи во изработката на ИКТ стратегиите, а со тоа и директно да ги мотивира за иден развој во ИКТ областа.

Со проектот се нуди висок степен на соработка помеѓу општините преку размена на искуства и позитивни практики од оваа област, но и искуства во примената на стратегиските определби на општините кои веќе ги имплементираат своите донесени ИКТ стратегии. Претставници од ЗЕЛС заедно со ангажираниот експерт ги започнаа посетите во избраните општини каде треба да се детектира тековната состојба за развој во областа на ИКТ, опременоста на општината, како и степенот на подготвеноста на вработените за развивање на електронски услуги кон граѓаните. Информатичката и комуникациската технологија претставуваат важна алатка во обезбедувањето суштинска децентрализација, која бара брза размена на информации и поголема вклученост на електронските услуги за граѓаните, сè со цел обезбедување на развој на ефикасно и ефективно работење на општината.

Минатата година ЗЕЛС им помогна на седум општини да донесат свои ИКТ стратегии од кои повеќето се усвоени или се во процес на усвојување од страна на општините, а беше изработен и Прирачник за изработка на локални стратегии за ИКТ. Бидејќи постои голем интерес од општините, ЗЕЛС планира да продолжи со овие активности и следната 2011 година, со опфаќање на нови општини. Целта е да се поттикне развојот на општините во целосно остварување на начелата на е-општини.



## 15 komuna të reja do të marrin përkrahje nga BNJVL në hartimin e TIK strategjive të tyre

Gjashtëmbëdhjetë komuna i plotësuan kushtet për marrjen e përkrahjes nga BNJVL në hartimin e TKI strategjive të tyre lokale. Konform Planit Aksional të BNJVL-së 2011-2015, BNJVL filloi me realizimin e projektit për t'u ndihmuar komunave në hartimin e TIK strategjive. Këtë projekt BNJVL e incioi për shkak të obligimit të komunave në bazë të strategjisë nacionale për hartimin e TIK strategjive lokale.

Mavrova-Roshtushe, Kratova, Prilepi, Dollneni, Velesi, Aerodromi, Karposhi, Qendra, Ilindeni, Jegunovci, Gostivari, Strumica, Çairi, Gjorçe Petrovi, Gjevgjelia dhe Staro Nagoriçani janë 15 komunat e zgjedhura nga gjithsej 40 komuna të paraqitura. Një ndër kriteret për pjesëmarrje në tërheqjen që u implementua më 12 tetor, 2010, në hapësirat e BNJVL-së, ishte komuna të ketë anëtarsim të paguar kah BNJVL, konform me atë të vitit 2009. Duke pasur parasysh faktin se në këtë mënyrë këto komuna e vërtetuan përkrahjen e tyre kah BNJVL, BNJVL vendosi të gjitha 16 komunat t'i përfshin në hartimin e TKI strategjive, dhe me atë drejtpërdrejtë t'i motivon për zhvillimin e ardhshëm në fushën e TKI.

Me projekt ofrohet shkallë e lartë e bashkëpunimit ndërmjet komunave nëpërmjet këmbimit të eksperiencave në zbatimin e përcaktimeve strategjike të komunave të cilat tashmë i implementojnë strategjitë e miratuara të TKI. Përfaqësues nga BNJVL sëbashku me ekspertin e angazhuar i filluan vizitat në komunat e zgjedhura ku duhet të përcillet gjendja rrjedhëse për zhvillimin në fushën e TKI, përgatitja e komunës si dhe shkalla e përgatitjes të të punësuarve për zhvillimin e shërbimeve elektronike për qyetetarët. Teknologjia informative dhe komunikative vegël e rëndësishme në sigurimin e decentralizimit thelbësor, që kërkon këmbim të shpejtë të informacioneve dhe përfshirje më të madhe të shërbimeve elektonike për qytetarët, me qëllim sigurimin e zhvillimit më efikas dhe efektiv të punës së komunës.

Vitin e kaluar, BNJVL u ndihmoi shtatë komunave të miratojnë TKI strategji nga ku shumica u miratua ose janë në proces të miratimit nga ana e komunave, si dhe ishte hartuar edhe Doracak për hartimin e strategjive lokale për TKI sepse ekziston interes i madh nga komunat, BNJVL planifikon të vazhdon me këto aktivitete edhe vitin vijues 2011, me përfshirjen e komunave të reja. Qëllimi është që të nxitet zhvillimi i komunave në realizimin e përgjithshëm të parimeve të e-komunave.

**Комисија за образование при ЗЕЛС**

# ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ СТРАВУВААТ УЧИЛИШТАТА ДА НЕ ОСТАНАТ БЕЗ ЗАТОПЛУВАЊЕ

Комисијата за образование и нејзините членови од техничката група на први ноември 2010 година во просториите на ЗЕЛС ја одржаа петтата седница, на која ги разгледуваа и дополнуваа систематизираните ставови во областа образованието, што ќе бидат разгледувани во рамките на останатите теми на претстојната средба на Управниот одбор на ЗЕЛС со Премиерот и министрите од Владата на Република Македонија, закажана за 10 ноември 2010 година.

Потребата од надополнување на недостатокот на финансиските средства во основното и средното образование беше една од најважните точки од дискусијата. Беше истакнато дека постои можност до крајот на годината многу училишта да останат без затоплување и многу ученици без превоз, или, пак, да се доведе во прашање исплатата на последната плата на вработените во некои општини. Беа посочени повеќе причини за ваквата состојба. Беше посочена неусогласеноста на блок-дотациите или наменските дотации за општините со зголемувањето на платите на наставниците во месец март. Недостаток на средствата за образование произлегува и од неусогласеноста на реалните потреби за покривање на трошоците за превоз и за сместување за учениците од новата генерација од средното задолжително образование, потоа неусогласеност со потреби-

## Ќе се реновираат училишта кои имаат поддршка од Училишниот одбор

До 15 ноември, сите основни училишта имаат можност да аплицираат во ПЕП/УСАИД за Програмата за зајакнување на капацитетите на училишните одбори, каде осум избрани училишта ќе имаат можност, меѓу другото, да добијат и средства за реновирање на училиштето во висина од околу 30.000 американски долари. Апликацијата мора да биде доставена од училишниот одбор со поддршка на директорот на училиштето, со што се нагласува соработката на управниот со раководниот орган на училиштето. Претставниците од осумте училишни одбори ќе добијат и обуки специјално дизајнирани за нив, кои ќе се состојат од четири модули: 1. Планирање и организација на работата на УО 2. Комуникации 3. Финансии на училиштето 4.Обезбедување на квалитет и законодавство.

Досега преку ПЕП, реновирани се 100 училишта, а овој пат таа можност ќе ја добијат осум училишта кои имаат активни и ажурни училишни одбори, бидејќи во условите од апликацијата наведено е дека училиштето треба да достави годишна програма за работа на училишниот одбор, копии од записници од нивни одржани состаноци од претходниот период, зајакнати капацитети на членовите на УО преку посети на организирани обуки за нив и друго. Предложениот проект од училишниот одбор ќе биде поддржан со околу 30.000 долари без ДДВ, при што е потребна контрибуција на општината во износ од 10% од сумата, но при тоа од особена важност ќе биде и целокупната ангажираност, заинтересираност и посветеност за реализација на проектот од членовите на УО. Целта е да се зајакнат капацитетите на училишните одбори, кои ќе бидат модел на успешен УО, да се подобрат условите за работа на учениците, да се зајакне соработката и партнерството меѓу заинтересираните страни ( наставниците, локалната заедница, родителите, бизнис заедницата, учениците). Известувањето за добиените грантови ќе биде на крајот од месецот ноември, по што ќе тече реализација на обуките, а изведувањето на градежните работи се планира од месец март до јуни. Подетални информации има на: http://www.pep.org.mk/en/renovation/school_boards.html

**Komisioni për arsim pranë BNJVL-së**

# PUSHTETET LOKALE KANË FRIKË QË SHKOLLAT TË MOS MBESIN PA NGROHJE QENDRORE

Komisioni për arsim dhe anëtarët e saj nga grupi teknik, më një nëntor të vitit 2010, në hapësirat e BNJVL-së mbajtën seancën e pestë, në të cilën e shqyrtuan dhe plotësuan qëndrimet e sistematizuara në fushën e arsimit, që do të jenë të shqyrtuara në kuadër të temave tjera për takimin paraprak të Bordit drejtues të BNJVL-së me Kryeministrin dhe ministrat e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, e caktuar për 10 nëntor 2010.

Nevoja për plotësimin e mungesës së mjeteve financiare në arsimin fillor dhe të mesëm edhe njëherë ishte një ndër pikat më kryesore të diskutimit. Ishte theksuar se ekziston mundësia deri në fund të vitit shumë shkolla të mbesin pa ngrohje dhe shumë nxënës pa transport, ose, të vihet në pyetje pagesa e rrogës së fundit të të punësuarve në disa komuna. Ishin përmendur më shumë arsye për gjendjen e këtillë. U theksua papajtueshmëria e bllok dotacioneve ose dotacionet e dedikuara për komunat me rritjen e rrogave të arsimtarëve në muajin mars. Mungesa e mjeteve për arsim doli edhe nga papajtueshmëritë e nevojave reale për mbulimin e shpenzimeve për transport dhe për qëndrimin e nxënësve nga gjenerata e re nga arsimi i mesëm obligativ, pastaj papajtueshmëria me nevojat që dalin nga programet e reja arsimore në shkollat fillore si dhe rritja e vazhdueshme e çmimit të energjenseve që përdoren për ngrohjen e shkollave. Pjesë nga komunat dërguan deri te BNJVL edhe tregues real për zvogëlimin e bllok dotacioneve krahasuar me dotacionet nga viti i kaluar dhe me nevojat reale të komunave për kënaqjen e nevojave në arsim.

Përveç këtij problemi serioz, u përmend se komunat kanë nevojë nga redefinimi i metodologjisë së bllok dotacioneve. Gjithashtu, anëtarët e Komisionit theksuan se është i nevojshëm miratimi i akteve nënligjore për caktimin e kritereve për organizimin e transportit dhe qëndrimin e nxënësve në arsimin e mesëm obligativ, ridefinimin e kushteve për shqiptimin e masave pedagogjike, kritere precize gjatë shpërndarjes së mjeteve për investimet kapitale dhe kufizim të ingerencave ndërmjet inspektorit të autorizuar komunal kundrejt



те кои произлегуваат од новите наставни програми во основните училишта и неусогласеноста со постојаното покачување на цената на енергенсите кои се користат за затоплување на училиштата. Дел од општините доставија до ЗЕЛС и реални показатели за намалувањето на блок-дотациите споредено со дотациите од минатата година и со реалните потреби на општината за задоволување на образовните потреби

Освен овој особено сериозен проблем, беше посочено дека општините имаат потреба од редефинирање на методологијата за распределба на блок и наменските дотации. Исто така, членовите на Комисијата истакнаа дека е потребно донесување на подзаконски акти за утврдување на критериуми за организирање на превозот и сместувањето на учениците во средното задолжително образование, редефинирање на условите за изрекувањето на педагошки мерки, прецизни критериуми при распределбата на средствата за капитални инвестиции и разгранучување на ингеренциите помеѓу општинскиот овластен инспектор наспроти државниот просветен инспектор. Присутните изнесоа низа предизвици со кои секојдневно се соочуваат, меѓу кои, малиот број на хигиеничари во училиштата, неможноста за одржување на компјутерската мрежа, немањето на средства за осигурување на објектите и на опремата во училиштата, сè поизразената потреба од перманентно присуство на стручни лица во училиштата, како што се: дефектолози, психолози, педагози, социолози.

На седницата присутните искажаа задоволство што во оваа учебна година се намалени проблемите во однос на добивањето на согласности за наставниците, но беше истакнато дека е потребно да им се овозможи на општините тие да издаваат согласности за старо финансирање за цела година, а не само за итни и неодложни случаи

Како резултат на презентацијата за новиот проект на Програмата на ПЕП/УСАИД за реновирање на училиштата преку целосно вклучување на училишните одбори, се отвори дискусија за исплаќање на паушали на членовите на училишните одбори и потребата од утврдување на критериуми за нивниот избор.



## Do të renovohen shkolla që kanë mbështetje nga Bordi shkollor

Deri më 15 nëntor, të gjitha shkollat fillore kanë mundësi të aplikojnë në PEP/USAID. për Programin për forcimin e kapaciteteve të bordeve shkollore, ku tetë shkolla të zgjedhura do të kenë mundësi, ndër të tjera të marrin edhe mjete për renovimin e shkollave në shumë prej 30.000 dollarëve amerikanë. Aplikacioni duhet të jetë i dërguar nga bordi shkollor me përkrahje të drejtorit të shkollës, me ç'rast përmendet bashkëpunimi i organit drejtues me atë udhëheqës të shkollës. Përfaqësuesit nga tetë borde shkollore do të marrin edhe trajnime specialisht të dizejnuara për to, të cilat do të përbëhen nga katër module: 1. Planifikim dhe organizim të punës së BD 2. Komunikime 3. Financim të shkollës 4. Sigurim të kualitetit dhe ligjshmërisë.

Deri më tani nëpërmjet PEP, janë renovuar 100 shkolla, ndërsa kësaj here këtë mundësi do t'a marrin tetë shkolla që kanë borde shkollore aktive dhe të azhuruara, sepse në kushtet e aplikimit është thekuar se shkolla duhet të dërzon program vjetore për punën e bordit shkollor, kopje nga procesverbalet nga mbledhjet e tyre të mbajtura nga periudha e kaluar, kapacitete të përforcuara të anëtarëve të BD nëpërmjet vizitave të trajnimeve të organizuara për ata etj. Projekti i propozuar nga bordi shkollor do të jetë i përkrahur me rreth 30.000 dollarë dhe pa TVSH, me ç'rast është i nevojshëm kontributi i komunës në vlerë prej 10% nga shuma, por me rëndësi të veçantë do të jetë edhe angazhimi gjithpërfshirës, interesim dhe përkushtueshmëri për realizimin e projektit nga anëtarët e BD. Qëllimi është të përforcohen kapacitetet e bordeve shkollore, që do të jenë model i suksesshëm i BD., të përmirësohen kushtet për punën e nxënësve, të përforcohet bashkëpunimi dhe partneriteti ndërmjet palëve të interesuara (arsimtarëve, bashkësisë lokale, prindërve, bashkësisë biznesore, nxënësve). Njoftimi i granteve të marra do të jetë në fund të muajit nëntor, me çka do të vijon realizimi i trajnimeve, ndërsa realizimi i punëve ndërtimore planifikohet nga muaji mars deri më qershor. Informacione më detajuese mund të gjeni në http://www.pep.org.mk/en/renovation/school_boards.html

inspektorit arsimor shtetëror. Të pranishmit shprehën shumë sfida me të cila ballafaqohen, ndër të cilat numri i vogël i pastruesve në shkolla, pamundësia për mirëmbajtjen e rrjetit kompjuterik, mospasja e mjeteve për sigurimin e objekteve dhe pasjisjeve në shkolla, nevoja sa më e shprehur nga pjesëmarrja permanente e personave profesionist në shkolla, siç janë defektologët, psikologët, pedagogët, sociologët.

Në seancë pjesëmarrësit shprehën kënaqësi që ky vit shkollor është me probleme të zvogëluara në raport me marrjen e pajtueshmërive për arsimtarët, por u theksua se është i nevojshëm t'ju mundësohet komunave ata të japin pajtueshmëri për financimin e vjetër për tërë vitin, dhe jo vetëm për rastet urgjente.

Si rezultat i prezantimit të projektit të ri të Programit të PEP/USAID për renovimin e shkollave nëpërmjet përfshirjes së përgjithshme të bordeve shkollore, u hap diskutim për pagesën e parregullt të anëtarëve të bordeve shkollore dhe nevoja nga përcaktimi i kritereve për zgjedhjen e tyre.




# ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОТВОРАЊЕТО НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ВО БРИСЕЛ

На 25 октомври 2010 година во просториите на ЗЕЛС беше одржана прес-конференција, на која претседателот на ЗЕЛС Коце Трајановски и двајцата потпретседатели Изет Меџити и Зоран Дамјановски, информираа за претстојното официјално отворање на канцеларијата во Брисел. Беше истакнато дека целта на отворање на канцеларијата е лобирање за отворање на фондови за локалната власт од Република Македонија и насочување и максимално искористување на постоечките фондови. Претседателот на ЗЕЛС нагласи дека голем број на општини, како и речиси сите плански региони во земјава имаат подготвено проекти, за кои веднаш може да се побараат извори за нивно финансирање. Беше истакнато дека канцеларијата ќе претставува и центар за претставување и застапување на локалните власти пред институциите на ЕУ, за воспоставување на контакти со институции од областа на локалната власт од каде може да се црпат полезни искуства за нашите општини и за развојот на целокупниот процес на децентрализација во земјата.

Канцеларијата има околу 12 м 2 и се наоѓа на третиот кат во зградата на Советот на европски општини и региони (ЦЕМР) (Square de Meeûs 1, 1000 Brussels, CEMR Headquarters), каде ЗЕЛС членува од 2004 година. Зградата е во близина на Европскиот парламент. ЗЕЛС е втора институција од регионот, по бугарската асоцијација на локални власти, која отвора своја канцеларија во Брисел. Во зградата на ЦЕМР свои канцеларии имаат уште 19 асоцијации на локални власти од Европа : Велика Британија, Холандија, Грција, Данска, Полска, Романија и други .

Претседателот Трајановски истакна пред медиумите дека за свеченото отворање на канцеларијата упатени се покани до сите градоначалници од земјава, до асоцијациите на локалните власти од регионот, до значајни институции во земјава и во Брисел, при што посочи дека во ЗЕЛС веќе стигнуваат и честитки од значајни институции и личности за отворањето на канцеларијата.

# PRES KONFERENCË PËR HAPJEN E ZYRES NË BRUKSEL

Më 25 tetor, 2010 në hapësirat e BNJVL-së u mbajt pres-konferencë, në të cilën kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski dhe dy nënkryetarët Izet Mexhiti dhe Zoran Damjanovski, informuan për hapjen zyrtare të zyres në Bruksel. Ishte theksuar se qëllimi i hapjes së zyres është lobimi për hapjen e fondeve për pushtetin lokal nga Republika e Maqedonisë dhe drejtimi si dhe shfyrëzimi maksimal i fondeve ekzistuese. Kryetari i BNJVL-së theksoi se pjesë e madhe e komunave kanë të përgatitur projekte, për të cilat mund të kërkohen burime për financimin e tyre. Ishte theksuar se zyra do të paraqet edhe qendër për paraqitjen dhe përfaqësimin e pushteteve lokale para institucioneve të BE-së, për vendosjen e kontakteve me institucione nga fusha e pushtetit lokal nga ku mund të merren eksperienca të dobishme për komunat tona dhe për zhvillimin e procesit gjithpërfshirës të decentralizimit në vend.

Zyra ka rreth 12 $m^2$ dhe gjendet në katin e tretë të ndërtesës së Këshillit të komunave dhe rajoneve europiane (CEMR) (Square de Meeûs 1, 1000 Brussels, CEMR Headquarters), ku BNJVL merr pjesë nga viti 2004. Ndërtesa është afër Parlamentit Europian. BNJVL është institucioni i dytë nga rajoni, pas asociacionit bullgar të pushteteve lokale, që hap zyrë të vet në Bruksel. Në ndërtesën e CEMR edhe 19 asociacione të pushteteve lokale nga Europa kanë zyre të veta: Britania e Madhe, Holanda, Greqia, Danimarka, Polonia, Rumania etj.

Kryetari Trajanovski theksoi para mediave se për hapjes solemne të zyres janë dërguar ftesa deri te të gjithë kryetarët e komunave në vend, deri te asociacionet e pushteteve lokale nga rajoni, deri te institucione të rëndësishme në vend dhe në Bruksel, me ç'rast shtoi se në BNJVL tashmë arrijnë urime nga institucione dhe persona të rëndësishëm për hapjen e zyres.

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА
ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SE MAQEDONISË




# КАНЦЕЛАРИЈА НА ОПШТИНИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА ВО СРЦЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# ZYRA E KOMUNAVE NGA MAQEDONIA NË ZEMRËN E BASHKIMIT EVROPIAN






ZELS
City of SKOPJE



















На 28 октомври 2010 година, ЗЕЛС и Градот Скопје отворија заедничка канцеларија во Брисел. Оваа иницијатива, што е од големо значење за сите локални власти во нашата земја, беше едногласно поддржана од Управниот одбор на ЗЕЛС. Канцеларијата се наоѓа во зградата на Советот на европски општини и региони (ЦЕМР) (Square de Meeûs 1, 1000 Brussels, CEMR Headquarters), каде ЗЕЛС членува од 2004 година.

На свеченоста организирана по повод официјалното отворање на канцеларијата присуствуваа претседателот на ЗЕЛС Коце Трајановски и потпретседателите, Изет Меџити и Зоран Дамјановски, Извршниот директор Душица Перишиќ, петнаесетина градоначалници, како и претставници од Советот на Градот Скопје. На поканата за присуство на свеченоста, со задоволство се одзваа и Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, Вицепремиерот за европски прашања, Васко Наумовски, Министерот за надворешни работи, Антонио Милошоски, претставникот на нашата мисија во ЕУ и ⇒

Më 28 tetor, 2010, BNJVL dhe Qyteti i Shkupit hapën zyrë të përbashkët në Bruksel. Kjo iniciativë, që ka një rëndësi të veçantë për pushtetet lokale në vendin tonë, unanimisht u përkrah nga Bordi drejtues i BNJVL-së. Zyra ndodhet në ndërtesën e Këshillit të komunave dhe rajoneve evropiane (CEMR) (Square de Meeûs 1, 1000 Brussels, CEMR Headquarters), ku BNJVL është anëtare prej vitit 2004.

Në solemnitetin e organizuar me rastin e hapjes zyrtare të zyrës morrën pjesë kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski dhe nënkryetarët Izet Mexhiti dhe Zoran Damjanovski, drejtori ekzekutiv Dushica Perishiq, pesëmbëdhjet kryetarë të komunave, si dhe përfaqësues nga Këshilli i Qytetit të Shkupit. Në ftesën për pjesëmarrje në hapjen solemne, me kënaqësi u përgjigjën edhe Kryeministri Nikolla Gruevski, Zëvendës Kryeministri për çështje evropiane, Vasko Naumovski, Ministri për punë të jashtme, Antonio Milloshoski, përfaqësuesi i misio-⇒





*Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС:*

**„СИГУРЕН СУМ ДЕКА КАНЦЕЛАРИЈАТА ВО БРИСЕЛ ЌЕ БИДЕ ОД ГОЛЕМА ПОЛЗА ЗА СИТЕ ЛОКАЛНИ ВЛАСТИ ОД МАКЕДОНИЈА“**



-„Чувствувам огромно задоволство што се собравме овде, во Брисел, заедно да го одбележиме и прославиме официјалното отворање на заедничката канцеларија на ЗЕЛС и на Градот Скопје. Ги донесовме нашите општини во срцето на Европската унија и им овозможуваме директно од тука да ги пренесуваат европските искуства меѓу своите граѓани во земјата.“ Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, на свеченото отворање во зградата на Советот на европски општини и региони, (ЦЕМР) каде е лоцирана заедничката канцеларија. Во својот говор, претседателот на ЗЕЛС, истакна дека сите локални власти во нашата земја интензивно работат на зајакнување и развивање на процесот на децентрализацијата, на зајакнувањето на финансиската стабилност на општините, на мултикултурниот соживот, на примената на европските стандарди, сè со цел да им се овозможат поквалитетни услуги и подобар живот на нашите граѓани при што додаде - „ Не сакаме тие да доаѓаат во Европа и тука да ја бараат својата егзистенција. Сакаме Европа да им ја донесеме во нивната општина, во нивниот дом. “

Исто така, претседателот на ЗЕЛС, истакна дека со приближувањето на нашата земја кон европските закони и стандарди, сè повеќе се зголемува нивната одговорност, тргнувајќи од фактот дека 75% од легислативата на ЕУ се применува на локално ниво. Локалните власти и ЗЕЛС изминатите пет години преземаа низа активности во правец на создавање на ефикасни, ефективни и транспарентни општини со обучена и ефикасна администрација што ќе обезбедува поквалитетни услуги и подобри услови за живот на своите граѓани.

Трајановски нагласи дека отворањето заедничка канцеларија не е само заради рационализација на средствата, туку претставува продолжување на единството во ЗЕЛС во утврдување и изнесување на ставовите кога станува збор за развојот на локалната власт. - „Затоа ова е канцеларија на сите 84 општини во земјата и на градот Скопје како посебна единица на локалната власт “- потенцира Трајановски и додаде -„ Одговорноста за нејзиното функционирање е огромна за мене, особено што во моментов ми се доверени двете челни функции градоначалник на Градот Скопје и претседател на ЗЕЛС. Но искрено, истовремено сум сигурен дека резултатите од работењето на оваа канцеларијата ќе бидат од огромно значење за сите општини.“

На крајот од својот говор претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, упати апел до сите градоначалници дека, освен во Скопје, имаат уште една „куќа на општините“, но сега во Европа, во Брисел и ги охрабри да ја интензивираат соработката со сите европски локални власти, да црпат искуства за искористување на сите европски средства во полза на своите граѓани.

*Koce Trajanovski, kryetar i BNJVL-së:*

**„JAM I SIGURT SE ZYRA NË BRUKSEL DO TË JETË MJAFT E DOBISHME PËR TË GJITHA PUSHTETET LOKALE TË MAQEDONISË “**

-„Ndjej kënaqësi të thellë që u mblodhëm këtu, në Bruksel, së bashku t'a shënojmë dhe festojmë hapjen zyrtare të zyrës së BNJVL-së dhe Qytetit të Shkupit. I sollëm komunat tona në zemër të Bashkimit Evropian dhe u mundësojmë drejtpërdrejtë prej këtu t'i bartin përvojat evropiane midis qytetarëve të tyre në vend”. Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së dhe kryetar i Qytetit të Shkupit, në solemnitetin që u organizua në ndërtesën e Këshillit të komunave dhe rajoneve evropiane (CEMR), ku është locuar zyra e përbashkët. Në fjalimin e tij, kryetari i BNJVL-së, theksoi se të gjitha pushtetet lokale në vendin tonë, në mënyrë intensive punojnë për përforcimin dhe zhvillimin e stabilitetit financiar të komunave, për bashkëjetesën multikulturore, për zbatimin e standardeve evropiane, me qëllim që t'u mundësohen shërbime më kualitative dhe jetë më e mirë qytetarëve tanë. Trajanovski theksoi - „Nuk duam që ata të vijnë në Evropë dhe këtu t'a kërkojnë ekzistencën e tyre. Duam që Evropën t'ua sjellim në komunën e tyre, në shtëpinë e tyre”.

Gjithashtu kryetari i BNJVL-së, theksoi se me afrimin e vendit tonë ndaj ligjeve dhe standardeve evropiane, gjithnjë e më shumë rritet përgjegjësia e tyre, duke filluar nga fakti se 75% nga legjislativa e BE-së zbatohet në nivel lokal. Në fund të fjalimit të tij kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski u apeloi të gjithë kryetarëve të komunave se përveç Qytetit të Shkupit, kanë edhe një „shtëpi të komunave'', por tash më në Evropë dhe i inkurajoi t'a intensifikojnë bashkëpunimin me të gjitha pushtetet lokale evropiane, të fitojnë përvoja për shfrytëzimin e të gjitha mjeteve evropiane në dobi të qytetarëve të tyre.

Trajanovski, theksoi se hapja e zyrës së përbashkët nuk është vetëm për shkak të racionalizimit të mjeteve, por paraqet vazhdimësi të unitetit në BNJVL me përcaktimin dhe parashtrimin e qëndrimeve kur bëhet fjalë për zhvillimin e pushtetit lokal - „Prandaj kjo është zyrë e të gjitha 84 komunave në vend dhe e Qytetit të Shkupit, si njësi e veçantë e pushtetit lokal”- potencoi Trajanovski dhe shtoi - „Përgjegjësia për funksionimin e saj është tejet e madhe për mua, veçanërisht që për momentin më janë besuar dy funksionet më të larta, kryetar i Qytetit të Shkupit dhe kryetar i BNJVL-së. Por sinqerisht, njëkohësisht jam i sigurt se rezultatet nga puna e kësaj zyreje do të kenë rëndësi të tejet të madhe për të gjitha komunat”.

Në fund të fjalimit të tij kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, u apeloi të gjithë kryetarëve të komunave, se përveç në Shkup, kanë edhe një „Shtëpi të komunave”, por tani në Evropë, në Bruksel dhe i inkurajoi të marrin përvoja për shfrytëzimin e të gjitha mjeteve evropiane në dobi të qytetarëve të tyre.







*Премиерот на Република Македонија истакна:*

**,,ВАШИОТ УСПЕХ ЌЕ БИДЕ УСПЕХ НА ОПШТИНИТЕ, НО И УСПЕХ НА ДРЖАВАТА“**

- „Македонија минатата година доби позитивен извештај од Европската комисија за напредокот и реформите. Годинава очекуваме да го задржиме истиот статус и да добиеме препорака за почеток на преговори . Во тој контекст со задоволство констатирам дека ЗЕЛС го фаќа чекорот со движењето на државата кон Европската унија со отворањето на оваа канцеларија . Оваа канцеларија може да биде добра можност за размена на информации во делот на законите поврзани со локалната самоуправа во другите европски земји, за остварување на контакти, отворање на можности за пристап до многу европски фондови кои нашите општини може да ги користат согласно европските процедури. Но како и секаде и тука парите не доаѓаат многу лесно. Потребен е голем труд и усогласување со европските процедури. Канцеларијата може да биде одличен мост, но без фокусираност на самиот градоначалник и вработените во општините, канцеларијата не ќе може да ја изврши својата улога. За тоа е потребно севкупно залагање. Ова го истакна Премиерот на Република Македонија во својот говор на свеченото отворање, при што истовремено упати повик до сите градоначалници за меѓусебен натпревар во собирањето на полезни информации од европските институции, изработка на бројни и на квалитетни проекти и примена на позитивни европски искуства во својата општина.

-„Успехот во голема мера ќе зависи од квалитетот на подготвените проекти, од квалитетот на испочитуваните процедури за доставување на проектите, рече Груевски и предупреди дека никој во Европската унија нема да ги толерира направените пропусти.

-„ Главната работа и главниот труд треба да биде во самата општина. Канцеларијата треба да биде помош, поддршка, остварување на контакт. Цврсто верувам дека вие ќе искористите максимум од можностите кои доаѓаат, а во тие напори може да сметате на целосна поддршка од Владата на РМ, истакна Премиерот и нагласи -„ Вашиот успех ќе биде успех на општината, но и успех на државата.“ На крајот од своето обраќање Груевски изрази надеж за скоро започнување на преговори за полноправно членство во ЕУ на нашата земја , кое ќе биде поддржано со заедничкото единствено чекорење на локалната и централната власт во овој правец.









*Kryeministri i Republikës së Maqedonisë theksoi:*

**,,SUKSESI JUAJ DO TË JETË SUKSES I KOMUNAVE, POR EDHE SUKSES I MBARË SHTETIT”**

-,, Maqedonia vitin e kaluar morri raport pozitiv nga Komisioni Evropian për progresin dhe reformat. Këtë vit presim t'a mbajmë statusin e njejtë dhe të marrim rekomandim për fillimin e negociatave. Në këtë kontekst me kënaqësi konstatoj se BNJVL e kap hapin në lëvizjen e shtetit drejt Bashkimit Evropian me hapjen e kësaj zyreje. Kjo zyrë mund të jetë mundësi e mirë për shkëmbimin e informacioneve në pjesën e ligjeve lidhur me vetëqeverisjen lokale në vendet tjera evropiane, për realizimin e kontakteve, hapjen e mundësive për qasje në shumë fonde evropiane të cilat komunat tona mund t'i shfrytëzojnë konform procedurave evropiane. Por si në çdo vend tjetër, edhe këtu, paratë nuk vijnë aq lehtë. Duhen përpjekje të mëdha dhe harmonizim me procedurat evropiane. Zyra mund të jetë urë e shkëlqyeshme, por pa fokusimin e vetë kryetarit të komunës dhe të punësuarit në komuna, zyra nuk do të mund t'a kryej rolin e saj. Prandaj kërkohet angazhim i plotë”. Këtë theksoi Kryeministri i Republikës së Maqedonisë në fjalimin e tij në hapjen solemne, me ç'rast dërgoi thirrje deri te të gjithë kryetarët e komunave për konkurencë të ndërsjelltë në mbledhjen e informacioneve të dobishme nga institucionet evropiane, hartimin e projekteve të shumta dhe kualitative dhe zbatimin e përvojave evropiane pozitive në komunën e tyre.

-,,,Suksesi në masë të madhe do të varet nga kualiteti i projekteve të hartuara, nga kualiteti i procedurave për parashtrimin e projekteve”, theksoi Gruevski dhe paralajmëroi se askush në Bashkimin Evropian nuk do t'i tolerojë lëshimet e bëra.

-,, Puna kryesore dhe përpjekja kryesore duhet të jetë në vetë komunën. Zyra duhet të jetë ndihmë, përkrahje, realizim i kontaktit. Kam besim të plotë se ju do t'a shfrytëzoni maksimumin e mundësive të cilat rrjedhin, ndërsa ju për ato përpjekje mund të konsideroni në përkrahje të plotë të Qeverisë së RM”, theksoi Kryeministri dhe tha-,,Suksesi juaj do të jetë sukses i komunës, por edhe sukses i mbarë shtetit”. Në fund të fjalimit të tij Gruevski shprehu shpresë për fillimin e negociatave për anëtarësinë me të drejtë të plotë në BE të vendit tonë, që do të përkrahet me të ecurit e përbashkët unik të pushtetit lokal dhe atij qëndror në këtë drejtim.







## *Душица Перишиќ, Извршен директор на ЗЕЛС:*

## „РЕАЛИЗИРАВМЕ ЗНАЧАЈНА СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ НА ЗЕЛС“

- „ЗЕЛС реализира уште една активност утврдена во Стратегискиот план на ЗЕЛС за периодот 2006-2011 година. Со тоа општините докажуваат дека се доследни во спроведувањето на самозададените цели, но и подготвени за имплементација на европската легислатива, стандарди и вредности на локално ниво. Сите 84 општини и Градот Скопје имаат заедничка канцеларија во Брисел од каде максимално ќе се залагаат за што поголемо лобирање за насочување на европските фондови за локалните власти во нашата земја, за црпење на искуствата од колегите и институциите на европските градови и региони“. Ова го истакна Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, во уводното отворање на свечената церемонија, а на крајот упати благодарност до сите поддржувачи на локалната власт, сите пријатели од земјите-членки на Европската унија и од земјите од Југоисточна Европа. Особена се заблагодари за поддршката на ЦЕМР, Советот на европски општини и региони, кои безрезервно го понудија простор, каде сега е сместена заедничката канцеларија на ЗЕЛС и на Градот Скопје.

⇒ Амбасадорот на Република Македонија во Кралството Белгија, како и голем број на претставници на институции и организации на локални и регионални власти и на асоцијации присутни во овој европски град и повеќе домашни и странски медиуми. Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, говореше од името на сите локални власти од земјата и од името на Градот Скопје како посебна единица на локални власти, при што ја нагласи двојната одговорност што ја чувствува за успешното работење на канцеларијата. Исто така, во својот говор тој го истакна задоволството што и македонските локални власти имаат своја канцеларија во срцето на Европската унија, во градот Брисел. На присутните им се обрати и Премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, кој им порача на градоначалниците добро да ги подготват своите апликации за искористување на европски средства, бидејќи само на тој начин не само што ќе им помогнат на своите општините, туку на сите граѓани и на целата земја на патот за членство во Европската унија .

## *Dushica Perishiq, drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:*

## „REALIZUAM QËLLIM STRATEGJIK TË RËNDËSISHËM TË BNJVL-SË”



-„ BNJVL realizoi edhe një aktivitet të përcaktuar në Planin Strategjik të BNJVL-së për periudhën 2006-2011”. Përmes kësaj komunat vërtetojnë se janë kosekuente në zbatimin e qëllimeve të parashtruara me vetiniciativë, por edhe të përgatitura për implementimin e legjislativës evropiane, standardeve dhe vlerave në nivel lokal. Të gjitha 84 komunat dhe Qyteti i Shkupit kanë zyrë të përbashkët në Bruksel prej ku maksimalisht do të përpiqen për lobim sa më të madh për synim drejt fondeve evropiane për pushtetet lokale në vendin tonë, për të nxjerrë përvoja nga kolegët dhe institucionet e qyteteve dhe rajoneve evropiane”. Këtë theksoi drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq në hapjen hyrëse të ceremonisë solemne, ndërsa në fund shprehu falenderim deri te të gjithë përkrahësit e pushtetit lokal, të gjithë miqtë nga vendet anëtare të Bashkimit Evropian dhe nga vendet e Evropës Juglindore. Veçanërisht u falenderua për përkrahjen e CEMR, Këshilli i komunave dhe rajoneve evropiane, të cilët e ofruan hapësirën, ku tani është vendosur zyra e përbashkët e BNJVL-së dhe Qytetit të Shkupit.

⇒ nit tonë në BE dhe Ambasadori i Republikës së Maqedonisë në Mbretërinë e Belgjikës, si dhe numër i madh përfaqësuesish të institucioneve dhe organizatave të pushteteve lokale dhe rajonale dhe të asociacioneve të pranishme në këtë qytet evropian dhe media të shumta nga vendi dhe të huaja. Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, foli në emër të të gjitha pushteteve lokale nga vendi dhe në emër të Qytetit të Shkupit si njësi e veçantë e pushteteve lokale me ç'rast theksoi përgjegjësinë e dyfishtë që e mban për punën e suksesshme të zyrës. Gjithashtu, në fjalimin e tij ai e theksoi kënaqësinë që edhe pushtetet lokale të Maqedonisë kanë zyrën e tyre në zemër të Bashkimit Evropian, në Bruksel. Të pranishmëve i'ju drejtua edhe Kryeministri i Republikës së Maqedonisë, Nikolla Gruevski, i cili u këshilloi kryetarëve të komunave që mirë t'i përgatisin aplikimet e tyre për shfrytëzimin e mjeteve evropiane, sepse vetëm në këtë mënyrë, jo vetëm që do t'u ndihmojnë komunave të tyre, por edhe të gjithë qytetarëve dhe mbarë vendit në rrugën për anëtarësim në Bashkimin Evropian.

ЗЕЛС Тренинг Центар (ЗТЦ) организира обуки за комуналните редари и инспектори

# ПОТРЕБНО ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА



Измени во Законот за јавна чистота, додефинирање на статусот на комуналните редари, униформираност на комуналните редари , надминување на проблемот со идентификувањето на прекршителите, унифицирана документација се дел од предлозите што произлегоа од обуките на комунални редари и инспектори, што во периодот од 26-28 октомври 2010 година ги организираше ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи.

Беа организирани три регионални обуки и тоа на 26.10..2010 година, во хотелот „Континентал", во Скопје, учествуваа претставници од скопскиот и североисточниот регион, на 27.10.2010 година, во хотелот „Романтик", Велес, обуките ги посетија претставници од источниот, југоисточниот и вардарскиот регион, а на 28.10.2010 година во хотелот „Капри", Битола, беше организирана обука за претставниците од пелагонискиот, полошкиот и југозападниот регион..

Обуките опфаќаа повеќе теми, меѓу кои: поим за прекршочен орган (формирање, надлежности и санкции), видови постапка пред прекршочен орган, судска заштита, презентација на одредбите од Законот за јавна чистота, постапака при легитимирање лице, постапка и процедура при констатирање прекршок против Законот за јавна чистота, практично пополнување на обрасци. Учесниците имаа можност да им поставаат прашања на претставниците од МТВ и МВР, изнесоа одредени сугестии и предлози за надминување на одредени состојби со кои се среќаваат во спроведувањето на оваа надлежност. Обуката ја посетија вкупно 70 лица од општините. Стручните лица од Комисиите за постапување по предметите при Министерството за транспорт и врски: Жаклина Костова, Татјана Лабовиќ, Билјана Дејановска - Димитровска и од МВР, Жаклина Просароска им даваа насоки на присутните за содржината на документацијата, важноста за утврдување на точен опис на извршеното дејствие утврдено во записникот, начинот на идентификување на извршителот, задолжителноста на понудата за вршење на општокорисна работа, прецизно наведување на сторениот прекршок и другите податоци кои се од важност и за Комисиите при МТВ. Претставникот од МВР зборуваше за практични примери како да ги идентификуваат сторителите, го пренесуваше искуството на полицијата и укажуваше на можните злоупотреби на кои треба да обрнат особено внимание. По предавањата присутните дискутираа за многу прашања со кои се соочени во работењето при што добиваа насоки за начините на натамошните дејствувања.

BNJVL Qendra e Trajnimeve (BQT) organizon trajnime për rojtarët komunal dhe inspektorët

# PRECIZIM DHE PLOTËSIM I NEVOJSHËM I DISPOZITAVE LIGJORE PËR HIGJIENË PUBLIKE



Ndryshime në Ligjin për higjienë publike, definim i statusit të rojtarëve komunal, uniformimi i rojtarëve komunal, tejkalimi i problemit me identifikimin e cënuesve, dokumentacioni i unifikuar, janë pjesë e propozimeve që rrodhën nga trajnimet e rojtarëve komunal dhe inspektorëve, që në periudhën prej 26-28 tetor, 2010, i organizoi BNJVL Qendra e Trajnimeve (BQT) në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje dhe Ministrinë për punë të brendshme.

U organizuan tri trajnime rajonale dhe atë: më 26.01.2010 në hotelin„Kontinental", në Shkup, ku morrën pjesë përfaqësues të rajonit të Shkupi dhe rajonit Verilindor, më 27.10.2010 në hotelin „Romantik", Veles, trajnimet i vizituan përfaqësuesit e rajonit Lindor, Juglindor dhe të Vardarit, ndërsa më 28.10.2010, në hotelin „Kapri", Manastir u organizuan trajnim për përfaqësuesit e rajonit të Pellagonisë, Pollogut dhe atij Jugperëndimor.

Trajnimet përfshinë tema të shumta midis të cilave: Nocioni për organin kundërvajtës (formimi, kompetencat dhe sanksionet); Llojet e procedurës para organit kundërvajtës; Mbrojtja gjyqësore; Prezantimi i dispozitave nga Ligji për higjienë publike; Procedura gjatë legjitimimit të personit; Procedura gjatë konstatimit të kundërvajtjes kundër Ligjit për higjienë publike; Plotësimi praktik i formularëve. Pjesëmarrësit kishin mundësi t'u parashtrojnë pyetje përfaqësuesve të MTL dhe MPB, parashtruan sugjerime dhe propozime të caktuara për tejkalimin e gjendjeve të caktuara me të cilat ballafaqohen në zbatimin e kësaj kompetence. Trajnimin e vizituan gjithsejt 70 persona nga komunat. Personat profesional nga Komisioni për të vepruarit sipas lëndëve pranë Ministrisë për transport dhe lidhje: Zhaklina Kostova, Tatjana Llaboviq, Biljana Dejanovska Dimitrovska dhe të MPB, Zhaklina Prosaroska, u dhanë drejtime të pranishmëve lidhur me përmbajtjen e dokumentacionit, rëndësinë e përcaktimit të përshkrimit të saktë të veprimit të ekzekutuar të përcaktuar në procesverbal, mënyrën e identifikimit të ekzekutuesit, domosdoshmërinë e ofertës për kryerjen e punës së dobishme të përgjithshme, paraqitja precize e kundërvajtjes së bërë dhe të dhëna tjera të rëndësishme edhe për Komisionet pranë MTL. Përfaqësuesi i MPB diskitoi për shembujt praktik si t'i identifikojnë cënuesit, tregoi për përvojën e policisë dhe për keqpërdorimet e mundshme të cilave duhet t'u kushtojnë vëmendje të veçantë. Pas ligjeratave të pranishmit diskutuan mbi shumë çështje me të cilat janë ballafaquar gjatë punës së tyre me ç'rast morrën drejtime për mënyrat e veprimit të mëtejmë.

## ЗТЦ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ДО КРАЈОТ НА НОЕМВРИ

Претставници од ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), во октомври и почетокот на ноември 2010 година посети 52 општини, каде ги детектираше актуелните проблеми и потреби на општините, но ги евидентираше и потребите и барањата на локалните власти за градење на капацитетите на вработените во општинската администрација.

Општ впечаток од посетите е дека локалните власти постигнале евидентен напредок во спроведувањето на своите надлежности, екипираност на своите служби, подобрување на условите за работа, развивање на информатичкото комуницирање, транспарентно работење во правец на создавање на поквалитетни услуги за своите граѓани. Во желбата за постигнување на уште подобри резултати локалните власти ги посочуваа и сегментите каде се судруваат со одредени тешкотии во реализацијата на надлежностите, кои ,во основа, најмногу произлегуваат од недоволната финансиска стабилност на локалните власти, од одредени законски недоречености, недефинирањето на постапки и процедури со подзаконски акти, колизија во одредени надлежности со службите од централната власт, несразмерноста на човечкиот општински административен капацитет наспроти законските барања за функционалност во различни сектори, како и потребата од усогласеност на закон-

## BQT VIJON ME VIZITAT NË KOMUNA DERI NË FUND TË NËNTORIT

Përfaqësues nga BNJVL Qendra Trajnuese (BQT), në muajin tetor dhe fillimin e muajit nëntor të vitit 2010, vizituan 52 komuna, ku i dedikuan problemet aktuale dhe nevojat e komunave, si dhe i evidentoi edhe nevojat dhe kërkesat e pushteteve lokale për ndërtimin e kapaciteteve të të punësuarve në administratën komunale.

Përshtypja e përgjithshme nga vizitat është se pushtetet lokalekanë arritur avancim evident në implementimin e kompetencave të tyre, ekipim të shërbimeve të tyre, përmirësim të kushteve në punë, zhvillimin e komunikimit informativ, punë transparente në drejtim të krijimit të kushteve më kualitative për qytetarët e vet. Për të arritur akoma më shumë rezultate të mira pushtetet lokale i drejtuan edhe segmentet ku ballafaqohen me vështirësi të caktuara në realizimin e kompetencave, të cilat në bazë rrjedhin nga stabiliteti i pamjaftueshëm financiar i pushteteve lokale, nga pathëniet e caktuara ligjore, jodefinimi i procedurave me aktet nënligjore, koalizioni në kompetenca të caktuara me shërbimet nga pushteti qendror, jobarazimi i kapaciteteve njerëzore administrative komunale kundrejt kërkesave ligjore për funksionalitet në sektore të ndryshme, si dhe nevoja nga pajtueshmëria e dispozitave ligjore nga fusha të ndryshme për ekzekutimin e kompetencës së caktuar komunale. Kësi lloj vështirësi më së shumti janë të përfshira në urbanizëm, administrimin me tatime dhe buxhet, mjedis jetësor, si dhe në arsim ku këtë vit ka mungesë të vërejshme të mjeteve financiare. Gjithashtu nga bisedat me përfaqësuesit e pushteteve lokale, është evidentuar nevoja e komunave nga komunikim më intensiv, i rregullt dhe i pandaluar me të gjitha institucionet shtetërore, dhe veçanërisht me ata që paraqesin vegël në implementimin e ligjeve në nivel lokal.

Në lidhje me nevojën për ndërtimin e kapaciteteve, komunat kërkojnë që BNJVL të propozon ndihmë me trajnimet intensive në avancimin dhe profesionalizimin e administratës komunale. Veçanërisht janë të kënaqur nga formimi i tetë rrjeteve profesinal në BNJVL, personave përgjegjës komunal nga fus-



### Потреба за координираност на обуките

Општините констатираат разноликост и несоодветност на голем број понудени и реализирани обуки од различни домашни, странски, државни и донаторски институции и организации за областите од нивна надлежност. Со цел детектирање на вистинските потреби за надоградување и навремено спроведување на обуките во согласност со потребите, локалните власти истакнаа сериозна потреба ЗЕЛС да ја преземе обврската и одговорноста и да биде местото каде ќе се координираат сите активности во земјата, кои се организирани од различни чинители, а се наменети за локалната самоуправа.

ските одредби од различни области за извршување на одредена надлежност на општината. Вакви тешкотии најмногу се детектирани во урбанизмот, администрирањето со даноци и буџет, животна средина, како и во образованието каде оваа година има забележителен недостатокот на финансиски средства. Исто така, од разговорите со претставниците на локалните власти, евидентирана е потребата на општините од поинтензивна, редовна и непрекината комуникација со сите државни институции, а особено, со оние кои претставуваат алка во имплементацијата на законите на локално ниво.

Во однос на потребата за градење на капацитетите, општините бараат ЗЕЛС да продолжи со досегашните, но и со поинтензивни обуки и помош во усовршување и остручување на општинската администрација. Особено се задоволни од формирањето на осумте професионални мрежи во ЗЕЛС, на општински одговорни лица од одредени области од локалната надлежност, каде се детектираат потребите за обука и истите ургентно се реализираат.

Посетите што беа предвидени во периодот 15 до 29 октомври, беа одложени поради дополнителни непредвидени активности на ЗЕЛС. Истите започнаа да се презакажуваат и ќе бидат реализирани до крајот на ноември 2010 година.

ha të caktuara me kompetencë lokale, ku përfshihen nevojat për trajnim dhe të njejtat urgjentisht realizohen.

Vizitat që ishin të parashikuara në periudhën 15 deri më 29 tetor, ishin të shtyera për shkak të aktiviteteve të paparashikuara plotësuese të BNJVL-së. Të njejtat filluan të ricaktohen dhe do të jenë të realizuara deri në fund të nëntorit 2010.

## Nevojë për koordinim të trajnimeve

Komunat konstatuan ndryshueshmëri dhe papërshtatshmëri në numër të madh të trajnimeve të ofruara dhe të realizuara nga institucione dhe organizata vendore, të huaja dhe shtetërore për fushat nga kompetenca e tyre. Me qëllim detektimin e nevojave të vërteta për mbindërtimin dhe implementimin e trajnimeve konform nevojave, pushtet lokale theksuan nevojë serioze BNJVL t'a ndërmerr detyrimin dhe përgjegjshmërinë dhe të jetë vendi ku do të koordinohen të gjitha aktivitetet në vend, të organizuara nga persona të ndryshëm, ndërsa të dedikuara për vetëqeverisjen lokale.

# ОДБЕЛЕЖАНА 25-ГОДИШНИНАТА ОД УСВОЈУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА ПОВЕЛБА ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во Стразбур, Франција, од 26 – 28 октомври се одржа деветнаесеттата сесија на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа (ЦЛАРЕ). На оваа сесија Конгресот го избра своето ново претседателство во состав: Кеит Витмор (Keith Whitmore) Обединетото Кралство – Претседател на Конгресот; Жан-Клод Фрекон (Jean-Claude Frécon), Франција – Претседател на Комитетот на локални власти, Хервинг Ван Шта (Herwig Van Staa), Австрија – Претседател на Комитетот на регионите. Обата Комитети на Конгресот избраа седум Потпретседатели кои, заедно со Претседателите, го сочинуваат Бирото на Конгресот.

На сесијата беше усвоен и новиот Правилник за номинација и постапката за избор на Претседател на Конгресот, а беше одбележана и 25 годишнината од усвојувањето на Европската Повелба за локалната самоуправа – „Повелба за иднината на нашите заедници".

Во рамките на деветнаесеттата сесија, состанок одржа Комитетот на локалните власти на кој беа разгледани и дискутирани извештаите за локалната демократија во Црна Гора и Естонија, а беше отворена и дебата по прашањето за „Соочување со предизвиците на меѓурелигиските и меѓукултурните тензии на локално ниво". Состанок одржа и Комитетот на регионите на кој беше дискутирана „Соработката помеѓу Конгресот и Асоцијациите на регионите во Европа" и „Одржливиот развој на планинските региони и состојбите во планинскиот регион на Карпатите". Конгресот на својата пленарна сесија дискутираше за идниот развој, „РЕФОРМАТА НА КОНГРЕСОТ" и „Приоритетите за периодот 2011 – 2012 г."

Особено важно беше обраќањето на Министерот за локална самоуправа на Република Македонија, г. Муса Џафери, во својство на претставник на земјата – претседавач со Комитетот на министри на Советот на Европа, кој особено се задржа на имплементацијата на Декадата на Ромите, но и примената на декларацијата за човекови права. Тој ги образложи приоритетите на Република Македонија како претседавач на Советот на Европа, укажа на постигнувањата, но и предизвиците кои ќе бидат пренесени на следната земја – претседавач - Република Турција.

Делегацијата на локалните власти од нашата земја беше во состав: Иван Франгов, градоначалник на општина Гевгелија, делегат во Конгресот и шеф на македонската делегација, Енвер Пајазити, градоначалник на општина Брвеница, делегат во Конгресот и Виктор Арнаудоски, секретар на македонската делегација при конгресот.

# SHËNIMI I 25-VJETORIT NGA MIRATIMI I KARTËS EUROPIANE PËR VETËQEVERISJE LOKALE

Në Strazburg, Francë, nga 26 -28 tetor u mbajt sesioni i 19-të i Kongresit të pushteteve lokale dhe rajonale pranë Këshillit të Europës. Në këtë sesion Kongresi e zgjodhi kryesinë e saj të re në përbërje: Keit Vitmor (Keith Whitmore) Mbretëria e Bashkuar - Kryetar të Kongresit; Zhan-Klod Frekon (Jean-Claude Frйcon), Francë – Kryetar i Komitetit të pushteteve lokale, Herving Van Shta (Herwig Van Staa), Austri – Kryetar i Komitetit të rajoneve. Të dy Komitetet e Kongresit zgjodhën shtatë Nënkryetarë të cilët, sëbashku me Kryetarët, e përbëjnë Byronë e Kongresit.

Në sesion u miratua edhe Rregullorja e re për nominimin dhe procedurën për zgjedhjen e Kryetarit të Kongresit, si dhe ishte shënuar edhe 25 vjetori nga miratimi i Kartës Europiane për vetëqeverisje lokale - "Karta për të ardhmen e bashkësive tona".

Në kuadër të sesionit të 19-të, mbledhje mbajtën Komiteti i pushteteve lokale në të cilin u shqyrtuan dhe u diskutuan raportet për demokracinë lokale në Mal të Zi dhe Estoni, si dhe u hap debat për çështjen e "Ballafaqimi me sfidat e tensioneve ndër-religjioze dhe ndër-kulturore në nivel lokal". Mbledhje mbajti edhe Komiteti i rajoneve në të cilin u diskutua "Bashkëpunimi ndërmjet Kongresit dhe Asociacioneve të rajoneve në Europë" dhe "Zhvillimi i qëndrueshëm i rajoneve planifikuese dhe gjendjet në rajonin planifikues të Karpateve". Kongresi në sesionin e vet plenar diskutoi për zhvillimin e ardhshëm, "REFORMA E KONGRESIT" dhe "Prioritetet për periudhën 2011 -2012".

Veçanërisht i rëndësishëm ishte edhe fjalimi i Ministrit për vetëqeverisje lokale të Republikës së Maqedonisë, z. Musa Xhaferi, në cilësinë e përfaqësuesit nga vendi - udhëhoqi me Komitetin e Ministrave të Këshillit të Europës, i cili veçanërisht qëndroi në implementimin e Dekadës së romëve, por edhe zbatimin e deklaratës për të drejtat e njeriut. Ai i arsyetoi prioritetet e Republikës së Maqedonisë si kryesues i Këshillit të Europës, tregoi arritjet, por edhe sfidat që do të jenë të përcjellura në shtetin tjetër - kryesues - Republika e Turqisë.

Delegacioni i pushteteve lokale nga vendi jonë ishte në përbërje: Ivan Frangov, Kryetar i komunës së Gjevgjelisë, delegat në Kongres dhe shef i delegacionit të Maqedonisë, Enver Pajaziti, kryetar i komunës së Bërvenicës, delegat në Kongres dhe Viktor Arnaudoski, Sekretar i delegacionit të Maqedonisë pranë Kongresit.

# ПРОДОЛЖУВА ПОДДРШКАТА НА ЗЕЛС ЗА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

ЗЕЛС во рамките на проектот „Самостојност на ЗЕЛС и услуги" ја имплементира програмата за поддршка на Комисиите за односи меѓу заедниците – КОМЗ. Како дел на овој проект, ЗЕЛС досега реализираше неколку работилници со членовите на Комисиите за односи помеѓу заедниците, го издаде Практичниот водич за работата на комисиите, но и во континуитет ја следеше нивната работа и испрати прашалници до претседателите и членовите на комисиите во сите општини каде тие се формирале. ЗЕЛС продолжи со поддршка за овие комиси и со членовите на КОМЗ организираше две работилници на тема „Предизвиците во работата на Комисиите за односи меѓу заедниците". Едната работилница се одржа на 26 октомври во Струга, а другата на 27 октомври во Скопје. Целта на овие работилници беше да се даде јасна слика за процесот на работата на Комисиите и нивната моменталната состојба. Беа опфатени следниве теми :

- Преглед на законската регулатива и мандатот на Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ);
- Презентација на позитивни примери од досегашната работа на КОМЗ;
- Вовед во лобирањето и застапувањето;
- Презентација на проблемите и препораките за понатамошната работа на КОМЗ.

Од работилниците произлегоа неколку позитивни примери за работата на комисиите во различни општини, се идентификуваа проблемите со кои тие се соочуваат, при што произлегоа и препораки за понатамошното заедничко делување со поддршка на ЗЕЛС за подобрување на нивната работа и постигнување поголеми резултати во општините каде живеат граѓани од различна етничка припадност.

ЗЕЛС ќе организира и конференција за Комисиите за односи меѓу заедници за сите членови на комисиите, при што ќе бидат поканети и преставници од државни органи и невладиниот сектор, кои му посветуваат внимание на ова прашање.

# VAZHDON PËRKRAHJA E BNJVL-SË PËR KOMISIONET PËR MARRËDHËNIE MIDIS BASHKËSIVE

BNJVL në kuadër të projektit "Pavarësia e shërbimeve të BNJVL-së" e implementoi programin për përkrahje të Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive – KMMB. Si pjesë e këtij projekti, BNJVL deri më tani realizoi disa punëtori me anëtarët e Komisionit për marrëdhënie midis bashkësive, e botoi doracakun praktik për punën e Komisioneve, por edhe në vazhdimësi e përcjelli punën e tyre dhe dërgoi Pyetësorë deri te kryetarët dhe anëtarët e komisioneve në të gjitha komunat ku ato u formuan. BNJVL vijoi me përkrahje për këto komisione edhe me anëtarët e KMMB, organizoi dy punëtori me temë "Sfidat në punën e Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive". Njëra punëtori u mbajt më 26 tetor në Strugë, ndërsa tjetra më 27 tetor në Shkup. Qëllimi i këtyre punëtorive ishte që të jepet pasqyrë e qartë për procesin e punës së Komisioneve, dhe situatën e tyre momentale. Ishin të përfshira këto tema:

- Kontroll të rregullativës ligjore dhe mandati i Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive (KMMB);
- Prezantim të shembujve pozitiv nga puna e deritanishme e KMMB;
- Hyrje në lobim dhe përfaqësim
- Prezantim të problemeve dhe rekomandimeve për punën e mëtejme të KMMB.

Nga punëtoritë dolën disa shembuj pozitiv për punën e Komisioneve në komuna të ndryshme, u identifikuan problemet me të cilat ata ballafaqohen, me ç'rast dolën edhe rekomandimet për veprim të mëtejmë të përbashkët me përkrahje të BNJVL-së, për përmirësimin e punës dhe arritjen e rezultateve më të mëdha në komunat ku jetojnë qytetarët nga përkatësi e ndryshme etnike.

BNJVL do të organizon edhe Konferencë për Komisionet për marrëdhënie ndërmjet bashkësive për të gjithë anëtarët e komisioneve, me ç'rast do të jenë të ftuar edhe përfaqësues nga organet shetetërore dhe sektori joqeveritar, të cilët i kushtojnë vëmendje kësaj çështje.

# МИГРАЦИИТЕ ЗНАЧАЈНО ПРАШАЊЕ И ЗА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ



Од 27 до 29 октомври 2010, во Палермо, Италија, се одржа обука за локална демократија и миграција во медитеранскиот регион, што ја организираше Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА), а на која присуствуваа претставници од национални асоцијации на локалните власти од земјите од Југоисточна Европа и Медитеранот.

Претставниците од асоцијациите на локалните власти од овие држави ги презентираа состојбите на развојот на децентрализацијата во нивната земја, при што ги посочија и состојбите во однос на миграционите движења на своето население. Миграции кои се случуваат од помалку развиени региони во стопански поразвиените делови во една земја, но и заминувањето на дел од населението и надвор од државата беше централна тема за дискусија меѓу присутните. Беше истакнато дека разрешувањето на прашањата кои се однесуваат на миграциите, не треба да се препушти во целост само на централната власт, туку дека значајна улога во оваа област имаат и локалните и регионалните власти. Претставниците од делегацијата на Алжир ги посочија предизвиците на нивната земја и на локалните власти како резултат на мигрирање на голем број од населението во европските земји.

Присутните покажаа голем интерес за напредувањето на процесот на децентрализацијата во Република Македонија, како и за активностите на ЗЕЛС на ова поле. Претставниците од АЛДА истакна дека се очекува потпишување на заеднички проект со ЗЕЛС во правец на зајакнување на капацитетите на локалната власт и имплементација на позитивни европски искуства на локално ниво.

# MIGRIMET ÇËSHTJE TË RËNDËSISHME EDHE PËR PUSHTETET LOKALE

Nga data 27 e deri më 29 tetor, 2010, në Palermo, të Italisë, u mbajt trajnim për demokracinë lokale në rajonin e mediteranit, që e organizoi Asociacioni i agjencioneve të pushteteve lokale nga Europa Juglindore dhe Mediterani.

Përfaqësuesit nga asociacionet e pushteteve lokale nga këto shtete i prezantuan gjendjet e zhvillimit të decentralizimit në vendet e tyre, me ç'rast i përmendën edhe gjendjet në lidhje me migracionin e banorëve të tyre. Migrime që ndodhin nga rajone më pak të zhvilluara në pjesë më të zhvilluar ekonomike në një vend, por edhe ikjen e një pjese të banorëve jashtë shtetit ishte diskutimi qendror ndërmjet të pranishmëve. Ishte theksuar se zgjidhja e kësaj çështje që ka të bëjë me migrimin, nuk duhet t'i lihet vetëm pushtetit qendror, por se rol të rëndësishëm në këtë fushë kanë edhe pushtetet lokale dhe rajonale. Përfaqësuesit nga delegacioni i Alzhirit i përmendën sfidat e shtetit të tyre dhe të pushteteve lokale si rezultat i migrimit të shumë banorëve në shtetet europiane.

Pjesëmarrësit treguan interes të madh për avancimin e procesit të decentralizimit në Republikën e Maqedonisë, si dhe për aktivitetet e BNJVL-së në këtë fushë. Përfaqësuesit e ALDA-së theksuan se pritet firmosja e projektit të përbashkët me BNJVL-në në drejtim të forcimit të kapaciteteve të pushtetit lokal dhe implementimin e përvojave pozitive europiane në nivel lokal.

# ПРОДАДЕНИ 18 ПАРЦЕЛИ ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „РЕЧАНИ 2“ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

На јавното надавање во Министерството за транспорт и врски, продадени се сите 18 градежни парцели во индустриската зона „Речани 2“ во општина Велес, наменети за изградба на објекти за магацини, складишта, занаетчиство и производство. Почетната цена на парцелите изнесуваше 61 денар по метар квадратен. На јавното наддавање пристигнале вкупно 175 пријави. За 18 парцели со вкупна површина од 17.910 метри квадратни, постигната е цена од 14.771.933 денари. Најповолните понудувачи се должни во рок од 15 дена ги уплатат средствата во согласност со постигната крајна цена од надавањето.

Индустриската зона „Речани 2“ е отворена во 2006 година. Инфраструктурата во зоната е изградена од средствата од наградата за добро проектно управување што Општина Велес ја доби од Европската унија во рамките на програмата „Награда за општините“. Со инвестицијата вредна 197.000, атрактивниот простор кој се наоѓа во непосредна близина на автопатот Велес - Скопје и аеродромот „Александар Велики“ доби патна инфраструктура. Општината вложи дополнителни 25.000 евра за изградба на подземна инфраструктура, а ЈКП „Дервен“ обезбеди средства за поставување на водоводна мрежа. Во првата фаза беа продадени 12 плацови на заинтересирани домашни инвеститори. Продажбата на уште 18 плацови во зоната го врати оптимизмот во Велес во насока на реализација на стратешките определби на општината за интензивен економски развој. Со последното законско решение за градежно земјиште се очекува 80% од средствата од продажбата да влезат во општинската каса. Велес како и сите општини во Македонија го очекуваат и новото законско решение што од 2011 година треба да овозможи општините да управуваат со градежното земјиште. Ова решение според градоначалниците и ЗЕЛС ќе овозможи привлекување на инвеститори и вистинска децентрализација во областа на урбанизмот и локалниот економски развој.



# 18 PARCELA TË SHITURA NË ZONËN INDUSTRIALE ,,REÇANI 2" NË KOMUNËN E VELESIT

Në licitacionin publik në Ministrinë për transport dhe lidhje, u shitën të gjitha 18 parcelat ndërtimore në zonën industriale ,,Reçani 2 " në komunën e Velesit, të dedikuara ndërtimit të objekteve për magaza, depo, artiznate dhe prodhimtari. Çmimi fillestar i parcelave përmbante 61 denarë për metër katror. Në licitacionin publik kanë arritur gjithsejt 175 fletparaqitje, për 18 parcela me sipërfaqe prej 17.910 metër katror, u arrit çmim prej 14.771.933 denarësh. Ofruesit më të volitshëm janë të obliguar që në afat prej 15 ditësh t'i paguajnë mjetet konform çmimit përfundimtar të arritur nga licitacioni.

Zona industriale ,,Reçani 2" është hapur në vitin 2006. Infrastruktura në këtë zonë është e ndërtuar nga mjetet e çmimit për menaxhim të mirë projektues që komuna e Velesit e fitoi nga Bashkimi Evropian në kuadër të programit ,,Çmim për komunat". Me investimin me vlerë prej 197.000, hapësira atraktive që ndodhet në afërsi të autostradës Veles-Shkup dhe aeroportit ,,Aleksandri i Madh", morri infrastrukturë rrugore. Komuna investoi 25.000 euro plotësuese për ndërtimin e infrastrukturës nëntokësore NPK ,,Dërven" siguroi mjete për vendosjen e rrjetit për ujësjellës. Në fazën e parë u shitën 12 truaje për investuesit vendor. Shitja e 18 truajve tjerë në zonë e ktheu optimizmin në Veles në drejtim të realizimit të qëllimeve strategjike të komunës për zhvillimin intensiv ekonomik. Me aktvendimin e fundit ligjor për tokën ndërtimore pritet që 80% e mjeteve nga shitja të hyjnë në arkën komunale. Velesi si edhe të gjitha komunat në Maqedoni presin edhe aktvendimin e ri ligjor që prej 2011 duhet t'u mundësojë komunave të menaxhojnë me tokën ndërtimore. Ky aktvendim sipas kryetarëve të komunave dhe BNJVL-së do të mundësojë tërheqjen e investuesve dhe decentralizim të vërtetë në fushën e urbanizmit dhe zhvillimit ekonomik lokal.

# ДЕВЕТНАЕСЕТ ОПШТИНИ ДОБИЈА ГРАНТ ЗА ПРОЕКТИ ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Осломеј и Зајас, Долнени и Кривогаштани, Крива Паланка и Ранковце, Неготино и Демир Капија, Радовиш и Конче, Гевгелија и Дојран, потоа Гостивар, Маврово и Ростуше, како и Ново Село, Василево и Босилово се општините кои на 15 октомври 2010 година, на свеченоста организирана во Бизнис салата на Скопскиот саем, потпишаа договори за имплементација на проектите во меѓуопштинска соработка. Ќе бидат реализирани вкупно осум проекти од кои пет во областа на заштитата на животната средина, а три во областа на социјалната заштита и заштитата на децата. Станува збор за доделени грантови од програмата за „Меѓуопштинска соработка за подобра испорака на услуги и пристап кон ЕУ" што ја имплементираат УНДП и МЛС ,а е поддржана од Владата на Норвешка.

За оваа програма аплицира 51 општина, што го изразува големиот интерес на општините за користење на меѓуопштинска соработка,, со вкупно 23 проекти, од кои комисијата за евалуација и селекција избраа осум.

На свеченоста на потпишувањето на договорите, потпретседателот на ЗЕЛС Изет Меџити, истакна дека меѓуопштинската соработка, во реалноста се покажа како исклучително добра алатка за надминување на одредени слабости, кои произлегуваат од едностепеното локално уредување во земјава. Општините имаат еднакви надлежности независно од степенот на нивната големина и нивните капацитети, што во пракса предизвика одредени тешкотиите, особено за помалите општини, кои не располагаат со доволно финансиски средства, а немаат можности и за обезбедување на административни капацитети за извршување на одредени надлежности. Затоа, нагласи Меџити, сведоци сме на се поголем бројот на општини кои воспоставуваат ваква меѓусебна соработка во најразлични области, бидејќи имаат исклучително добар бенефит во заштеда на средства и добивање на подеднакво добри и квалитетни услуги за своите граѓани. Тој им честиташе на сите општини кои добија грантови за меѓуопштинска соработка и им посака успешно реализирање на проектите , а градоначалникот на Општина Радовиш, Роберт Велков, се заблагодари во името на општините-добитнички. На свеченоста, покрај големиот број на градоначалници, присуствуваа и Министерот за локална самоуправа, Муса Џафери и Министерот за животна средина и просторно планирање Неџати Јакупи, како и Диадра Бојд, постојан претставник на УНДП во нашата земја.





# NËNTËMBËDHJETË KOMUNA FITUAN GRANT PËR PROJEKTE PËR BASHKËPUNIM NDËRKOMUNAL

Osllomej dhe Zajazi, Dollneni dhe Krivogashtani, Kriva Pallanka dhe Rankovcja, Negotina dhe Demir Kapija, Radovishi dhe Konçe, Gjevgjelia dhe Dojrani, pastaj Gostivari, Mavrova dhe Rostusha, si dhe Novo Sella, Vasileva dhe Bosillova janë komunat që më 15 tetor, 2010, në manifestimin organizuar në biznes sallën e Panairit të Shkupit, firmosën marrëveshje për implementimin e projekteve në bashkëpunimin ndërkomunal. Do të jenë të realizuara gjithsej tetë projekte nga të cilat pesë në fushën e mbrojtjes së mjedisit jetësor, dhe tre në fushën e mbrojtjes sociale dhe mbrojtjes së fëmijëve. Bëhet fjalë për grante të ndara nga programi për „Bashkëpunim ndërkomunal për dërgesa më të mira të shërbimeve dhe qasje drejt BE-së" që e implementojnë UNDP dhe MVL, ndërsa është i përkrahur nga Qeveria e Norvegjisë.

Për këtë program aplikuan 51 komuna, që shprehën interesin e madh të komunave për përdorimin e bashkëpunimit ndërkomunal, me gjithsej 23 projekte, nga të cilat komisioni për evaluim dhe selektim zgjodhën tetë.

Në manifestimin e firmosjes së marrëveshjeve, nënkryetari i BNJVL-së Izet Mexhiti, theksoi se bashkëpunimi ndërkomunal, në realitet u tregua si vegël shumë e mirë për tejkalimin e mangësive të caktuara, që dalin nga rregullimi njëshkallësh lokal në vend. Komunat kanë kompetenca të njejta nga shkalla dhe madhësia e kapaciteteve të tyre, që në praktikë shkaktuan vështirësi të caktuara veçanërisht për komunat më të vogla, të cilat nuk disponojnë me mjete të mjaftueshme financiare, dhe nuk kanë mundësi edhe për sigurimin e kapaciteteve administrative për ekzekutimin e kompetencave të caktuara. Për këtë, përmendi Mexhiti, jemi dëshmitarë në numër të madh të komunave të cilat vendosin bashkëpunim të këtillë në fusha të ndryshme, sepse kanë benefit të mirë në kursimin e mjeteve dhe marrjen e shërbimeve të mira kualitative për qytetarët e vet. Ai i uroi të gjitha komunat që morrën grante për bashkëpunim ndërkomunal dhe u dëshiroi realizim të suksesshëm të projekteve, ndërsa kryetari i Komunës së Radovishit, Robert Vellkov i falenderoi në emër të komunave fituese. Në manifestim përveç shumë kryetarëve të pranishëm morri pjesë edhe ministri për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi dhe për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor Nexhati Jakupi, si dhe Diadra Bojd, përfaqësues i përhershëm i UNDP-së në vendin tonë.



# „ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН“- ДЕБАТА ИНИЦИРАНА ОД ФРАНЦУСКАТА СЕКЦИЈА НА ЦЕМР

Во организација на француската секција на Советот на европски општини и региони (ЦЕМР), на 27 октомври 2010 година беше организиран семинар за европските перспективи на Западен Балкан, со тема „Инклузија на локалните власти од Западен Балкан“. На семинарот беа направени и подготовки за темата што ќе биде обработувана на следната средба- „„ Учество на локалните власти во процесот на проширување на Европската унија“.

На семинарот учествуваа претставници од повеќе асоцијации на локалните власти од регионот меѓу кои од Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Хрватска. Делегацијата на ЗЕЛС ја сочинуваа потпретседателите Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир и Зоран Дамјановски, градоначалник на општина Куманово, како и извршниот директор на ЗЕЛС Душица Перишиќ. Секоја од присутните асоцијации ги претстави активности што ги презема во својата земја, во правец на подготвувањето на своите членки-општините за интегрирање во Европската унија, при што ги посочија и главните предизвици со кои се соочуваат локалните власти при извршувањето на доверените надлежности. Се развија интересни дискусии од кои ќе бидат извлечени и главните теми за следниот семинар, што ќе се одржи во Париз во месец февруари следната година, каде освен претставници на локалните власти од земјите на Западниот Балкан, учество ќе земат и педесетина претставници на локалните власти од Франција.

# ,,INKLUZION I PUSHTETEVE LOKALE NGA BALLKANI PERËNDIMOR”- DEBAT I INICIUAR NGA SEKSIONI FRANÇEZ I CEMR

Në organizim të seksionit françez të Këshillit të komunave dhe rajoneve evropiane (CEMR), më 27 tetor, 2010 u organizua seminar për perspektivat evropiane të Ballkanit Perëndimor, me temë ,,Inkluzion i pushteteve lokale nga Ballkani Perëndimor”. Në seminar u bënë edhe përgatitje për temën që do të përpunohet në takimin e ardhshëm - ,,Pjesëmarrja e pushteteve lokale në procesin e zgjërimit të Bashkimit Evropian”.

Në seminar morrën pjesë përfaqësues të shumë asociacioneve të pushteteve lokale nga rajoni, midis të cilave edhe nga Shqipëria, Bosnja dhe Hercegovina, Serbia dhe Kroacia. Delegacionin e BNJVL-së e përbënin nënkryetarët Izet Mexhiti, kryetar i komunës së Çairit dhe Zoran Damjanovski, kryetar i komunës së Kumanovës, si dhe drejtori ekzekutiv i BNJVL-së Dushica Perishiq. Çdonjëra prej asociacioneve të pranishme i paraqiti aktivitetet e saja që i ndërmerr në vend, në drejtim të përgatitjes së anëtareve të saja-komunave, për integrim në Bashkimin Evropian, me ç’rast i përmendën edhe sfidat kryesore me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale gjatë kryerjes së kompetencave të besuara. U zhvilluan diskutime interesante prej të cilave do të shkëputen edhe temat kryesore për seminatin e ardhshëm, që do të mbahet në Paris, në muajin shkurt, vitin e ardhshëm, ku përveç përfaqësuesve të pushteteve lokale nga vendet e Ballkanit Perëndimor, do të marrin pjesë edhe 50 përfaqësues të pushteteve lokale nga Franca.



19 Congress Session
Session du Congrès
ЗЕЛС и Град Скопје
BNJVL dhe Qyteti i Shkupit
Градоначалник на Град Скопје , Претседател на ЗЕЛС
Kryetari i Qytetit të Shkupit Kryetar i BNJVL-së,
Mayor of the City of Skopje, President of ZELS,
ZELS
City of SKOPJE